# "И Л И Н Д Е Н" А.Д Струга

*Трговско друштво за градежништво, производсво,трговија и угостителство Ул.Пролетерски бригади,62 бб. 6330 Струга, Република Северна Македонија*

Тел.Факс +389 46 781-902

*Тел.+389 46 781-902*

E mail : ilindenad@gmail.com

Web: www.ilindenstruga.com.mk

МБС:4056728

*ЕДБ. МК4026996102673*

жиро сметка:212-0201002075-12

Депонен:Шпаркасе Банка А.Д.Скопје


Трговско друштво за градежништво производство трговија и угостителство ИЛИНДЕН АД
Бр. 02-569/1
28-06-2024 год.
Струга

**До**

**Македонска Берза АД Скопје**

**Факс 02 3122069**

**E.mail:Karolina@.mse.org.mk**

**E.mail:Aleksandar@.mse.org.mk**

**Предмет:Достава на податоци**

**Во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за Хартии од вредност од 26-Април 2010 година (Сл.Весник на РМ.број.57) Член 166-б став 1 алинеа 1 согласно со став 2 и 3, и Член 166-б став 4, ги доставуваме (известуваме за) на објава:**

**1.податоците кои Акционерското друштво "Илинден"а.д. Струга е обврзано да ги објави на интернет страницата на Македонската Берза АД Скопје и тоа:**

**Финансиски податоци за 2023 година во ,00денари**

-Вкупни приходи-----------------------1.918.030.494,00денари

-Добивка пред оданочување----- 514.886.009,00денари

-Добивка после оданочување ------469,001.697,00денари

-Нето готовински тек:

-Добивка за финансиска година по акција--- 21.318,00денари

-Дивиденда по акција,--------------------------------------------------------нема;

-Промена во сопственичката структура над 10%,---------------------нема;

-Статусни промени на друштвото,------------------------------------------нема;

-Промени на органите на управување,------------------------------------нема;

-Нова емисија на хартии од вредност,-------------------------------------нема;

-Други промени во работењето кои значајно влијаат врз цената на хартиите од вредност,------------------------------------------------------------- нема;

**2.Ревидиран финансиски извештај и мислење од овластен ревизор за 2023г.**

**Прилози:страна 3,4,5,6,7,8,9 од ревизорскиот извештај**

Струга 27-06-2024 година

ТД"Илинден"а.д.Струга
Директор
Трајкоска Костеска Кристина

**ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје** | Дрезденска бр 52, 1000 Скопје
Република Северна Македонија | e-mail: ljupcho@pecevrevizija.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Акционерите и Одборот на директори на**
**ИЛИНДЕН АД Струга**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ИЛИНДЕН АД Струга што ги вклучуваат извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2023 година, билансот на успех, извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината, извештајот за парични текови за годината што заврши тогаш, прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на ИЛИНДЕН АД Струга е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, и за интерна контрола што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија, објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Основа за мислење со резерва***

Како што е прикажано во белешката 21 кон финансиските извештаи на 31 декември 2023 година Друштвото има побарувања од купувачи во износ од 1.008.267 илјади денари. Ревизијата утврди дека за побарувања од купувачи во износ од 268.305 илјади денари кои што потекнуваат од минати години постојат индикатори за ненаплатливост. Овие побарувања се признаени од купувачот, а ИЛИНДЕН АД Струга за истите има поведено судска постапка. Друштвото нема направено исправка на вредноста за овие побарувања од купувачи, а што не е во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди кои што се прифатени во Република Северна Македонија. Исправката на вредноста на овие побарувања од купувачи не ја доведува во опасност ликвидноста и финансиската стабилност на ИЛИНДЕН АД Струга, а финансискиот резултат би останал материјално позитивен.

***Мислење со резерва***

Според наше мислење, освен за наведеното во Основа за мислење со резерва, финансиските извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ИЛИНДЕН АД Струга заклучно со 31 декември 2023 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината што заврши тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Раководството на Друштвото, исто така, е одговорно за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината што заврши на 31 декември 2023 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на ИЛИНДЕН АД Струга за годината што заврши на 31 декември 2023 година.

Скопје, 20 мај 2024 година

Овластен ревизор

Љупчо Пецев

Друштво за ревизија
ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА
ДООЕЛ - Скопје

Управител

Љупчо Пецев

Друштво за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ

**ИЛИНДЕН АД Струга**

# БИЛАНС НА УСПЕХ
**за годината завршена на 31 декември 2023 година**

| во илјади денари | Белешки | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 6 | 1.860.224 | 1.114.447 |
| Приходи од употреба на сопствени производи, стоки и услуги | 7 | 47 | - |
| Останати оперативни приходи | 8 | 11.911 | 6.412 |
| **Вкупно оперативни приходи** | | **1.872.182** | **1.120.859** |
| Промена на вредноста на залихите на готовите производи и производството во тек | 9 | -1.003 | -31.617 |
| Трошоци за суровини и материјали | 10 | -325.370 | -220.404 |
| Трошоци за вработените | 11 | -103.413 | -87.064 |
| Амортизација | 16 | -71.013 | -67.394 |
| Набавна вредност на продадени стоки и материјали | | -92.784 | -130.589 |
| Останати оперативни расходи | 12 | -792.932 | -478.498 |
| **Вкупно оперативни расходи** | | **-1.385.512** | **-983.949** |
| **Добивка од оперативно работење** | | **485.667** | **105.293** |
| Финансиски приходи | 13 | 45.848 | 75.017 |
| Финансиски расходи | 13 | -16.629 | -6.086 |
| **Добивка пред оданочување** | | **514.886** | **174.224** |
| Данок на добивка | 14 | -45.884 | -10.336 |
| **Добивка по оданочување** | | **469.002** | **163.888** |
| **Основна заработувачка по акција (во денари)** | 15 | **21.318** | **7.449** |

Одборот на директори на ИЛИНДЕН АД Струга ги усвои финансиските извештаи на 06.03.2024 година

**Извршен директор**

**Кристина Трајкоска Костеска**

Трговско друштво за градежништво производство трговија и угостителство ИЛИНДЕН АД Струга

**Белешките содржани од страна 10 до 34 се составен дел на овие финансиски извештаи**

**ИЛИНДЕН АД Струга**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
**за годината завршена на 31 декември 2023 година**

| **во илјади денари** | **Белешки** | **2023** | **2022** |
|---|---|---|---|
| **Добивка по оданочување** | | **469.002** | **163.888** |
| **Останата сеопфатна добивка** | | | |
| Нереализирани добивки (загуби) од вложувања расположливи за продажба | | - | - |
| Ревалоризација на недвижности, постројки и опрема | | - | - |
| **Вкупно останата сеопфатна добивка** | | **-** | **-** |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА** | | **469.002** | **163.888** |

**Белешките содржани од страна 10 до 34 се составен дел на овие финансиски извештаи**

## ИЛИНДЕН АД Струга

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА
**за годината завршена на 31 декември 2023 година**

| во илјади денари | Белешки | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Основни средства | 16 | 587.672 | 576.041 |
| Нематеријални средства | 16 | 33 | 45 |
| Вложувања во недвижности | 16 | 414.702 | 429.071 |
| Долгорочни побарувања од купувачи | 17 | 87.023 | 85.239 |
| Долгорочни депозити во банки | 18 | - | 30.000 |
| **Вкупно долгорочни средства** | | **1.089.430** | **1.120.396** |
| Залихи | 19 | 45.773 | 69.515 |
| Нетековни средства наменети за продажба | 20 | 80.549 | 94.408 |
| Побарувања од купувачи | 21 | 1.008.267 | 760.596 |
| Останати краткорочни побарувања | 22 | 14 | 2.786 |
| Побарувања за аванси | 23 | 83.469 | 182.282 |
| Краткорочни финансиски средства | 24 | 82.629 | 142.956 |
| Активни временски разграничувања | 25 | 9.325 | 17.267 |
| Парични средства | 26 | 646.852 | 132.969 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.956.878** | **1.402.779** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **3.046.308** | **2.523.175** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| Акционерски капитал | | 33.645 | 33.645 |
| Законски резерви | | 40.916 | 40.916 |
| Ревалоризациони резерви | | 5.765 | 5.765 |
| Останат капитал и резерви | | 1.393.893 | 1.230.006 |
| Акумулирана добивка | | 823.715 | 518.601 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **2.297.934** | **1.828.933** |
| Обврски по долгорочни кредити | 27 | 78.414 | 112.531 |
| Долгорочни обврски спрема добавувачи | | 3.589 | 3.849 |
| **Вкупно долгорочни обврски** | | **82.003** | **116.380** |
| Обврски спрема добавувачи | 28 | 377.753 | 235.057 |
| Останати краткорочни обврски | 29 | 78.316 | 35.682 |
| Обврски за аванси | 30 | 169.789 | 232.929 |
| Краткорочни финансиски обврски | 31 | 40.513 | 74.194 |
| Пасивни временски разграничувања | 32 | - | - |
| **Вкупно тековни обврски** | | **666.371** | **577.862** |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **3.046.308** | **2.523.175** |

**Белешките содржани од страна 10 до 34 се составен дел на овие финансиски извештаи**

## ИЛИНДЕН АД Струга

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
**за годината завршена на 31 декември 2023 година**

**2023 година**

| во илјади денари | Акционер. капитал | Законски резерви | Ревалор. резерви | Останат капитал и резерви | Акумулир. добивка | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2023** | **33.645** | **40.916** | **5.765** | **1.230.006** | **518.601** | **1.828.933** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | | | |
| Добивка по оданочување од 2023 год. | - | - | - | - | 469.002 | **469.002** |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно сеопфатна добивка** | - | - | - | - | **469.002** | **469.002** |
| Усогласување | - | - | - | -1 | - | **-1** |
| Откупени сопствени акции | - | - | - | - | - | - |
| Распределено за дивиденди | - | - | - | - | - | - |
| Распределено за законски резерви | - | - | - | - | - | - |
| Распределено за инвестиции | - | - | - | 163.888 | -163.888 | - |
| **Состојба 31.12.2023** | **33.645** | **40.916** | **5.765** | **1.393.893** | **823.715** | **2.297.934** |

**2022 година**

| во илјади денари | Акционер. капитал | Законски резерви | Ревалор. резерви | Останат капитал и резерви | Акумулир. добивка | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2022** | **33.645** | **40.916** | **5.765** | **1.068.907** | **515.812** | **1.665.045** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | | | |
| Добивка по оданочување од 2022 год. | - | - | - | - | 163.888 | **163.888** |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно сеопфатна добивка** | - | - | - | - | **163.888** | **163.888** |
| Нова емисија на акции | - | - | - | - | - | - |
| Откупени сопствени акции | - | - | - | - | - | - |
| Распределено за дивиденди | - | - | - | - | - | - |
| Распределено за законски резерви | - | - | - | - | - | - |
| Распределено за инвестиции | - | - | - | 161.099 | -161.099 | - |
| **Состојба 31.12.2022** | **33.645** | **40.916** | **5.765** | **1.230.006** | **518.601** | **1.828.933** |

**Белешките содржани од страна 10 до 34 се составен дел на овие финансиски извештаи**

## ИЛИНДЕН АД Струга

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
**за годината завршена на 31 декември 2023 година**

| **во илјади денари** | **2023** | **2022** |
|---|---|---|
| **А. Парични текови од деловни активности** | | |
| Добивка по оданочување | 469.002 | 163.888 |
| Амортизација | 71.013 | 67.394 |
| Добивка / загуба, приходи од продажба и неотпишана вредност на основни средства | -8.279 | -3.566 |
| Добивка / загуба од продажба на вложувања расположливи за прод. | - | - |
| Залихи | 23.742 | 21.297 |
| Нетековни средства наменети за продажба | 13.859 | 15.018 |
| Побарувања од купувачи | -247.671 | -279.045 |
| Останати краткорочни побарувања | 2.772 | 10.536 |
| Побарувања за аванси | 98.813 | -6.753 |
| Активни временски разграничувања | 7.942 | -17.204 |
| Долгорочни побарувања од купувачи за задржани депозити | -1.784 | -7.422 |
| Долгорочни обврски спрема добавувачи | -260 | -1.434 |
| Обврски спрема добавувачи | 142.696 | -32.281 |
| Останати краткорочни обврски | 42.634 | 26.572 |
| Обврски за аванси | -63.140 | 99.740 |
| Пасивни временски разграничувања | - | -2.001 |
| **Нето парични текови од деловни активности** | **551.339** | **54.739** |
| **Б. Парични текови од инвестициони активности** | | |
| Набавки на основни средства и вложувања во недвижности | -86.439 | -87.165 |
| Аванси за материјални средства | - | - |
| Набавки на нематеријални средства | - | -7 |
| Приливи од продадени основни с-ва и вложувања во недвижности | 26.454 | 11.685 |
| Прилив од долгорочни депозити во банки | 30.000 | 96.418 |
| Прилив / одлив од краткорочни финансиски средства | 60.327 | -85.353 |
| **Нето парични текови од инвестициони активности** | **30.342** | **-64.422** |
| **В. Парични текови од финансиски активности** | | |
| Одлив од долгорочни кредити | -34.117 | -1.349 |
| Одлив / прилив од краткорочни финансиски обврски | -33.681 | 21.159 |
| Прилив од нова емисија на акции | - | - |
| Исплатени дивиденди | - | - |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | **-67.798** | **19.810** |
| **ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **513.883** | **10.127** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **132.969** | **122.842** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **646.852** | **132.969** |

**Белешките содржани од страна 10 до 34 се составен дел на овие финансиски извештаи**